**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА - ДОЈРАН**
**Кеј 5-ти Ноември бб,**
**(зграда на општината)**
**Стар Дојран 1487**
**e-mail: dojran@sec.mk**

Бр.12-11/1 23.01.2020 година

---

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните на Општина Дојран дека, согласно Роковникот за извршување на дејствијата за спроведување на Референдум на локално ниво во Општина Дојран на 02.02.2020 година, избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице), а сака да гласа, за тоа треба да ја извести Општинската изборна комисија Дојран најдоцна до 25 јануари 2020 година (сабота) до 24:00 часот.

Известувањето, кое е во прилог на ова соопштение треба да се пополни и достави во просториите на Општинска изборна комисија Дојран (општинска зграда, сала за состаноци).

Истовремено, Ве известуваме дека согласно Упатството за гласање на немоќни или болни лица од Државната изборна комисија, едно лице може да биде полномошник и да поднесе известување за гласање најмногу за две лица.

Барањата може да се доставаат до Општинската Изборна Комисија Дојран (сала за состаноци на Општина Дојран) најдоцна до 25.01.2020 до 24.00 часот.

Со почит,

Општинска изборна комисија Дојран